Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 34 став 1 алинеа 7 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден 22.02.2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, (број на основниот акт 01-439/2 од 06.10.2020 година, број 01-66/2 од 12.02.2021 година, број 01-66/5 од 29.04.2021 година, број 01-66/8 од 13.12.2021 година, 01-461/7 од 14.09.2022 и број 01-461/12 од 21.12.2022 година) и тоа:

**Член 2**

Во делот IV.Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 5.Сектор за соработка, транспарентност и едукација, 5.1. Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, на работното место 29. “Советник за односи со јавност-ПР“, Шифра УПР 01 01 В01 000, во делот вид на образование, зборовите “Политички науки или јавна управа и администрација“ се менуваат со зборовите “Хуманистички науки и уметности“.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 01-84/1
14.02 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**